**20150300873**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 155/14), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 и 177/14), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13 и 151/14), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13 и 188/13) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10 и 23/13), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.2.2015 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2015 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 200/14) во делот I во ставот 1 табелата се менува и гласи:

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 1.800.000.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 53.000.000,00 |
| | Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 20.000.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 2.000.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 10.000.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 10.000.000,00 |
| 7. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000,00 |
| 8. | Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години | 4.350.000.000,00 |
| | Вкупно | 6.260.000.000,00 |

Во делот II износот “3.113.000.000,00” се заменува со износот “1.800.000.000,00”.
Во делот III износот “2.100.000.000,00” се заменува со износот “53.000.000,00”.
Во делот VI износот “150.000.000,00” се заменува со износот “10.000.000,00”.
Во делот IX износот “850.000.000,00” се заменува со износот “4.350.000.000,00”.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ .

Бр. 42-2205/1
24 февруари 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.